**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

---

**Бр. 02-332/2**

**Скопје, 13.03.2021 година**

Врз основа на член 28. став 2. точка 17., в.в. со точка 14. и точка 18. од Статутот на Стоматолошка комора (*Службен весник на РМ број 62/2017 година*), а во врска со член 68 од Законот за општа управна постапка (*Службен весник на РМ број 124/15*) Извршниот одбор на Стоматолошка комора на Македонија, на својата 19-та седница одржана на ден 13.03.2021 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за начин на пресметка и наплата на ТАКСИ И ТРОШОЦИ НА ПОСТАПКА на органите и телата на Стоматолошка комора на Македонија

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредува плаќањето на трошоци и такси за дејствија и постапки кои се преземени и водат пред органите и телата на Стоматолошката комора на Македонија.

Постапката треба да се спроведе на наједноставен можен начин, дејствијата да се преземаат без одлагање и со што помалку трошоци за странките, а сепак да се обезбеди целосно почитување на правата и правните интереси на странките, како и на органите и телата на Комората.

### Член 2

Трошоците е должно да ги плати лицето по чиј предлог се поведува постапката или во чиј интерес се преземаат дејствијата во постапката.

Во постапка поведена на барање на странката или во управна работа во која учествуваат две или повеќе странки со спротивни интереси, трошоците на постапката ги поднесува странката на чие барање е поведена постапката или на чија штета е завршена постапката, освен ако не е поинаку уредено.

Кога постапката што е поведена по службена должност е завршена поволно за странката, трошоците на постапката ги поднесува Стоматолошка комора на Македонија.

Кога постапката е завршена со порамнување, секоја странка ги поднесува своите трошоци, ако во порамнувањето поинаку не е определено.

**Член 3**

На барање на странката, органот или телото што ја води постапката може со решение да ја ослободи странката од поднесување на трошоците во целост или делумно, ако најде дека таа не може да ги поднесе трошоците без штета за своето нужно издржување и за нужното издржување на своето семејство.

Решението се носи врз основа на уверение за имотната состојба на странката издадено од надлежен јавен орган, прибавено по службена должност.

**Член 4**

За утврдувањето и распределбата на трошоците на постапката со посебен управен акт решава органот или телото кое решава во постапката.

Кога постапката завршува со управен акт на штета на странката на чие барање е поведена постапката, во диспозитивот може да се одлучи и за трошоците на постапката, ако ги имало, определувајќи го нивниот износ и кој е должен да ги плати, на кого и во кој рок. Ако во диспозитивот не се одлучува за трошоците, ќе се наведе дека за нив ќе се донесе посебен управен акт.

Кога постапката, независно дали е поведена по службена должност или по барање на странката, е завршена поволно за странката, за трошоците на постапката, без распаравање одлучува органот или телото на Комората кој го преземал дејствието или ја водел постапката, врз основа на барање на странката кое се поднесува во рок од 8 дена од денот на доставување на одлуката. Во барањето за надомест на трошоци, странката е должна да ги наведе трошоците за кои бара надоместок. Одлуката за надомест на трошоци се носи во рок од 30 дена од денот на доставено барање.

## II. РАСПРЕДЕЛБА НА ТРОШОЦИ И ТАКСИ И УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ

**Член 5**

Трошоците на постапката ги опфаќаат посебните издатоци во готови пари, како што се: трошоците за присуство и учество на членовите во работата на органите и телата во Стоматолошка комора на Македонија, трошоци за присуство и учество на ангажирани лица (адвокати и други лица на кои позитивните законски прописи им признаваат право на награда), издатоците за пошта, огласи и слично, такси за поведување, водење и одлучување, а кои настанале со спроведувањето на постапката.

Трошоците се плаќаат, ако со овој Правилник или друг акт на Стоматолошката комора на Македонија поинаку не е определено:

- За присуство и учество на членовите во работата на органите и телата во Стоматолошка комора на Македонија во висина на реално исплатени трошоци согласно Одлука за начин на пресметување и исплата на трошоци за присаство и учество на членови во работа на органи и тела во Стоматолошка комора на Македонија. број 02-873/3 од 26.12.2014 година и соодветно исплатени дневници на членовите на органите и телата на Комората;
- За присуство и учество на адвокат и на другите лица на кои законот им признава право на награда согласно соодветниот тарифник;

- За копирање на исправи се плаќа износ од 1,5 денари по страна;
- За разгледување на архивирани списи, се плаќа износ од 160,оо денари;
- За молба/ барање за издавање препис се плаќа износ од 260,00 денари, препис не се издава ако таксата не е платена;
- За издатоци за пошта, објава на огласи во висина на реално исплатени трошоци;
- Достава на налог за плаќање во износ од 150,00 денари;
- За дејствија кои не се таксативно набroени, а вредноста не може да се утврди со сродно дејствие се плаќа износ од 300,00 денари;
- За администрирање на предмет во постапка износ од 500,00 денари и реални трошоци настанати при преземање на дејствието во стварен износ.

**Член 6**

Во постапките во кои се одлучува за законитоста на поединечните акти на органите или телата на Комората и кога се решава за права и обврски во поединечни управни работи и за повреда на некое право или непосреден интерес се плаќа такса:

- За поведување на постапка износ од 480,00 денари;
- За одлука износ од 800,00 денари;
- За жалба износ од 1.200,00 денари;
- За предлог за повторување на постапка износ од 1.200,00 денари;

По исклучок на став 1, во постапка за стручен надзор се плаќаат такси:

- За поведување на постапка за стручен надзор (Барање за покренување на стручен надзор) се плаќа такса од 7.500,00 денари;
- по спроведувањето на надзорот подносителот е потребно да плати износ од 7.500,00 денари до 30.000,00 денари;
- Таксите за постапка за стручниот надзор се определени во Одлуката за плаќање при покренување на стручен надзор по потреба.

## III. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ

**Член 7**

Трошоците и таксите се плаќаат во готови пари на соодветна сметка на Комората со точна дознака. Трошоците и таксите се приход на Стоматолошка комора на Македонија.

Трошоците се плаќаат ако со овој Правилник поинаку не е определено:

- За молби, барања и писмена кога се предаваат;
- За одлуки во рок од 8 дена од приемот на одлуката.

**Член 8**

Нецелосно платени или неплатени такси и трошоци го задржуваат текот на постапката, ако со овој Правилник или закон поинаку не е определено.

Ако архива прими поднесок од странка, за кој не е платена такса или таксата не е платена целосно, а се работи за поднесок кој подлежи на такса/ трошоци или ако странката не доставила потврда за платената такса која се плаќа во готови пари, на подносителот ќе му се достави поднесок со налог за плаќање на таксата и/или трошоците со укажување дека е должен да ја

плати во рок од пет дена од денот на приемот на налогот и воедно ќе ја предупреди странката за последиците од неплаќање на таксата. Во овој случај странката плаќа такса и за доставениот налог за плаќање.

**Член 9**

Неплатените трошоци утврдени со одлука на орган или тело на Комората, се долг на странката кон Комората и подлежат на присилна наплата. Постапката се спроведува против лице кое е должно да ја изврши обврската што е наложена со управниот акт или против неговите правни следбеници кога обврската не е строго лична согласно позитивните законски прописи.

Неплаќањето на трошоци од страна на член на Комората преставува и повреда на член 14 став 1 точка 15 од Статутот на Комората.

**Член 10**

Лице кое платило такса која воопшто не било должно да ја плати или платило такса во износ поголем од пропишаниот, како и лице кое платило такса за дејствие што не е извршено има право на враќање на такса.

Лицето кое платило такса за дејствие што не е извршено, не може да бара враќање на таксата за поднесокот со кој барало извршување на дејствието.

Барањето за враќање на таксата се поднесува во Архива на Комората во рок од 30 дена од денот кога таксата е погрешно платена или повеќе платена, односно од денот на дознавањето дека дејствието не е извршено.

За барањето за враќање на такса одлучува органот кој презел или требал да превземе дејствие во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила и ќе се применува осмиот ден од денот на објавувањето на веб- страната на Комората.

**Член 12**

Правилникот не се применува за отпочнати постапки, како и за барања и поднесоци примени во Комората пред влегување во сила на овој Правилник.

**Член 13**

Надзор над спроведувањето на овој правилник врши Надзорниот одбор на Стоматолошка комора на Македонија.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**Претседател на Извршен одбор**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П. ________________